РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - РЕПУБЛИКА Е МАКЕДОНИЈЕ СЕВЕРИТ
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT

Бр. Nr. 03-181/20
19.02.20 25 год.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Друштво за градежништво и трговија
увоз-извоз ТЕХНОИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ
Бр. 19-02/1
19.02 2025 год.
Радовиш

РАМКОВНА СПОГОДБА ЗА НАДЗОР ЗА ВРШЕЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ, застапувана од Градоначалникот Димитар Костадиноски, во понатамошниот текст како ,,Нарачател ", од една страна и

2. **ТЕХНОИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ РАДОВИШ**, застапувано од управителот Игор Крстев, во понатамошниот текст носител на набавка. (во понатамошен текст: **Вршител на услуга**), од друга страна.

Член 1

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со вршењето на надзор над градежни работи за изградба на објекти во Општина Јегуновце согласно Законот за градење, по спроведена Набавка од мала вредност Оглас бр. 00987/2025, врз основа на Одлука за јавна набавка бр. 05-181/2 од 29.01.2025 година и Одлука за избор на најповолна понуда бр. 181/17 од 11.02.2025 година.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Со овој Договор Вршителот на услугата се обврзува, во име и за сметка на Нарачувачот, да изврши надзор над градежни работи за изградба на објекти на територијата на Општина Јегуновце, а врз основа на договорите за изградба на градби склучени помеѓу Нарачателот и Изведувачи.

Член 3

Услугата за вршење на надзор над градежни работи за изградба на објекти и услугата за вршење на технички преглед на градбата ќе се извршува од страна на Надзорен инженер кој ќе биде определен од страна на Вршителот на услугата.

Член 4

Услугите од член 2 на овој Договор кои се предмет на набавката, се состојат од: вршење на надзор над изградба на градби на територија на Општина Јегуновце, по квалитет и квантитет, согласно проектната документација и согласно Предмер (опис и количини) кој содржи опис и количини на работите кои ќе бидат опфатени при вршење на надзор над изградба на секоја градба поединечно, изготвување на Завршен извештај за извршениот надзор над градбата со вклучено вршење на технички преглед на градбата во се според проектната документација и согласно важечките законски прописи кои важат за ваков вид на градби.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Вкупната вредност на овој Договор, согласно Одлука за набавка бр. . 05-181/2 од 29.01.2025 година година, изнесува 708.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Прифатениот процент од вредноста на договорот за кој ќе се врши надзор согласно понудата на Вршителот на услугите 0,60%.

Договорните страни се согласија дека вредноста од став 1 на овој член не мора да биде целосно исцрпена.

Вредноста на секоја поединечно стварно извршена услуга ќе се утврди на начин што ќе се примени процентот согласно прифатената понуда на Изведувачот на вкупната вредност на стварно извршените работи од страна на изведувачот без вклучен ДДВ над чие извршување Вршителот на услугите го врши надзорот, наведени во времената односно завршната ситуација доставена од страна на изведувачот.

Помалата вредност на изведени работи од вкупната вредност на договорот за изградба на градба над која што ќе се врши надзорот не влијае на промена на процентот предвиден во

прифатената понуда кој што соодветствува на вкупната вредност на договорот за изградба на градба над која што ќе се врши надзорот.

Во цената не е вкалкулиран Данокот на додадена вредност, а се опфатени сите трошоци за работа, материјал и други јавни давачки.

ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ

Член 6

Нарачувачот со овој Договор се обврзува по доставување на писмен налог за работа:

1) Да му овозможи на Вршителот на услугата услови за соодветно и навремено извршување на договорните обврски;
2) Да му предаде на Вршителот на услугата потребни документи согласно Законот за градење;
3) Да му предаде на Вршителот на услугата копие од договорот склучен помеѓу Нарачувачот и Изведувачот со составен дел прифатена понуда кои се однесуваат за набавка на работи за изградба на градби и вршење технички преглед на градбата;
4) Да му ги предаде на Вршителот на услугата сите информации со кои располага, а кои се потребни за непречено извршување на услугите;
5) Да му овозможи на Вршителот на услугата, а во рамките на можностите на Нарачувачот пристап до останатите институции во смисол на прибирање на информации кои треба да ги добие Вршителот на услугата, а кои се потребни за непречено извршување на услугите;
6) Да го извести Вршителот на услугата за лицето кое е определено од страна на Нарачувачот за координација и соработка помеѓу Нарачувачот, Изведувачот и Вршителот на услугата, како претставник на Нарачувачот;
7) Да го извести Вршителот на услугата за правното лице (Изведувач) кое ќе ги врши работите на објекти предвидени со спецификацијата во прилог, како и за лицето определено од страна на Изведувачот за инженер за изведба кое ќе раководи со изградба на градбата и кој ќе биде одговорен за исполнување на обвските во согласност со закон;
8) Да го извести Изведувачот за правното лице (Вршител на услугата) за вршење на надзор над изградба на објекти, како и за лицето определено од страна на Вршителот на услугата за Надзорен инженер кој во име на Нарачувачот ќе врши надзор над работите и кој ќе биде одговорен за исполнување на обврските во согласност со закон;
9) Да го извести Вршителот на услугата за денот и часот на воведување во работа на Вршителот на услугата;
10) Да го воведе Вршителот на услугата (Надзорниот инженер) во работа; (за воведување на Вршителот на услугата во работа, помеѓу Нарачувачот и Вршителот на услугата се составува посебен записник);
11) На барање на Вршителот на услугата да се вклучи во решавање на евентуалните несогласувања и проблеми со Изведувачот;
12) Да организира вршење на технички преглед на градбата;

ОБВРСКИ НА ВРШИТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

Член 7

Вршителот на услугата е должен услугите кои се предмет на овој Договор да ги изврши стручно, квалитетно и целосно, во се според прифатената понуда, проектната документација и во согласност со одредбите на овој Договор.

Член 8

Вршителот на услугата е должен услугите кои се предмет на овој Договор да ги извршува во согласност со добиената лиценца Б за надзор за изградба на градби од втора категорија.

Член 9

Вршителот на услугата е должен услугата која се однесува за вршење на надзор, да ја врши постојано, се до целосно завршување на работите од страна на Изведувачот и во согласност со важечките законски прописи кои важат за ваков вид на градби.

Член 10

Вршителот на услугата е должен услугата која се однесува за вршење на технички преглед на работите, како и изготвувањето на Извештајот за извршен технички преглед на работите да го изврши согласно Правилникот за начинот на вршење на техничкиот преглед

Член 11

Рокот за извршување на услугата за вршење на надзор над работите започнува да тече наредниот ден од денот на воведување на Вршителот на услугата во работа од страна на Нарачувачот.

Член 12

Вршителот на услугата со овој Договор се обврзува:

1) Да го воведе Изведувачот во работа во присуство на Нарачувачот;
2) Да биде присутен на градилиште;
3) Надзор над изградба на градбата да го врши постојано, совесно и стручно во согласност со правилата на струката и во согласност со закон;
4) Секојдневно да ја контролира работата на Изведувачот;
5) Да врши проверка над изградбата дали истата се врши согласно проектната документација и одобрението за градење;
6) Да утврди дали е извршено обележување на проектираната градба на терен;
7) Да врши проверка на градбата во секоја фаза на градењето;
8) Да утврди дали учесниците во изградбата ги поседуваат соодветните лиценци и овластувања;
9) Да врши проверка на квалитетот на вградените материјали и опремата во градбата;
10) да врши соодветни контролни лабораториски испитувања на подтло, слоеви од насип, постелка, тампон, асфалт и бетон, согласно постојните МКС стандарди и прописи во РМ за ваков вид испитувања, за секој објект за кој се врши надзор доколку се вградува наведениот материјал, по претходно доставено писмено известување од страна на Нарачувачот во коешто ќе биде утврден рокот за вршење на испитувањата;
11) Да врши проверка на квалитетот и квантитетот на извршените работи, согласно проектната документација;
12)Да врши проверка дали работите се извршени според важечките технички прописи, нормативите и задолжителните стандарди кои важат за изведувањето на овој вид работи;
13) Да го запознае Нарачувачот и надлежниот градежен инспектор за сите утврдени недостатоци или неправилности констатирани во текот на изградбата и истите да ги забележи во градежниот дневник;
14) Да изврши проверка дали во градежниот дневник е запишан датумот на почетокот на изградбата на градбата;
15) Да го потпишува градежниот дневник, кој го води Изведувачот;
16) Редовно да ја прегледува градежната книга и да ги контролира количините на извршените работи кои се внесени во градежната книга врз основа на извршените снимања (мерења) на количините кои ќе служат за подготовка на времените ситуации, односно за подготовка на завршна ситуација, која ја води Изведувачот;
17) Да ја потпишува градежната книга, која ја води Изведувачот;
18) Да ги потпишува времените ситуации и завршната ситуација, кои ги составува Изведувачот;
19) Да потврди во времените ситуации и во завршната ситуација дека работите кои се наплатуваат по ситуација (времена или завршна) се стварно извршени, а цените како и квалитетот на одговараат на пресметката и условите од договорот склучен помеѓу Нарачувачот и Изведувачот;
20) Да изготви писмен Извештај за секоја фаза во текот на градење на градбата за извршена проверка со оцена за усогласеноста на градбата со проектната документација и условите за градење;
21) Да го предаде Извештајот за извршена проверка со оцена за усогласеноста на градбата со проектната документација и условите за градење во писарница на Нарачувачот;
22) Да изготвува во писмена форма Месечни извештаи за извршениот надзор над градбата и да ги предаде најдоцна до истекот на десетиот ден сметано од крајот на изминатиот месец;
23) Да изврши проверка дали во градежниот дневник е запишан датумот на завршување на изградбата на градбата како градежен објект;
24) Да изготви Завршен извештај за извршениот надзор над градбата и да го предаде на Нарачувачот;
25) Да изврши технички преглед на градбата и да изготви Извештај за извршен технички преглед на градбата, во кој се констатира дека градбата може да се употребува за предвидената намена, односно дека градбата може да се употребува и истиот да го предаде на Нарачувачот; и
26) На барање на Нарачателот да доаѓа на состаноци (во просториите на општината) околу објектите за кои врши стручен надзор.

27)Услугите кои се предмет на овој Договор да ги извршува во согласност со добиената лиценца Б за надзор за изградба на градби од втора категорија.

Член 13

Надзорниот инженер и Нарачувачот го воведуваат Изведувачот во работа.

За воведување во работа, помеѓу Надзорниот инженер и Изведувачот се составува посебен записник.

Примерок од наведениот записник Вршителот на услугата го доставува до Нарачувачот.

Датумот на воведувањето во работа се констатира во градежниот дневник.

Член 14

Надзорниот инженер техничкиот преглед на градбата го врши во присуство на претставникот на Нарачувачот, претставникот на Изведувачот и Инженерот за изведба.

РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 15

Рокот за извршување на услугата за вршење на надзор над изградба на градбата започнува да тече наредниот ден од денот на воведување на Изведувачот во работа од страна на Вршителот на услугата и Нарачувачот.

Вршителот на услугата е должен Завршниот извештај за извршениот надзор над градбата да го изготви најдоцна во рок од 5 работни дена.

Член 16

Рокот за извршување на услугата за вршење на технички преглед на градбата започнува да тече од денот наведен во писменото известување за вршење на технички преглед на градбата доставено до Вршителот на услугата од страна на Нарачателот.

Член 17

Рокот за изготвување на Извештајот за извршен технички преглед на градбата започнува да тече наредниот ден од денот на завршување на техничкиот преглед на градбата.

Вршителот на услугата е должен Извештајот за извршен технички преглед на градбата да го изготви најдоцна во рок од 5 работни дена.

ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 18

Ако Вршителот на услугата не ги врши услугите за вршење на надзор редовно согласно добиениот писмен налог за цело време на изградба на објектот, односно не присуствува континуирано на градилиштето за време на изградба на градбата, истиот е согласен на Нарачателот, да му плаќа пенали во износ од 20% од вкупната вредност на Договор.

Во случај на нередовно вршење на услугите предмет на овој Договор, согласно роковите од овој Договор, вршителот на услугите се обврзува покрај пеналите, да ја надомести и штетата на нарачателот настаната поради нередовно извршени услуги.

Нарачувачот има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.

Ако штетата што ја претрпел Нарачателот е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 19

Нарачателот се обврзува плаќањето на Извршителот да го врши по завршување на работите и доставување на финансиски документ фактури во рок до 60 дена од приемот на истата во архива на Општина Јегуновце. Кон фактурата треба да биде приложен и доказ за извршената услуга (заверена градежна ситуација со прилог градежни книги, извештај од надзор, Извештај од извршен технички преглед во кој се констатира дека изведените работи, можат да се стават во употреба за предвидената намена, односно дека градбата може да се даде во употреба и друга расположива и задолжителна документација согласно Законот за градење)

Вкупниот износ на исплатените фактури од став 1 на овој член не смее да ја надмине вредноста на услугите определена во член 5 на овој Договор.

За ден на прием се смета кога фактурата е заведена во архивата на Договорниот орган .

КОНТРОЛА (НАДЗОР) НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР НАД ИЗГРАДБА НА ГРАДБАТА

Член 20

Нарачувачот има право во секое време, без претходна најава да изврши контрола на лице место (надзор) над работата на Надзорниот инженер, со цел да утврди дали истиот ги исполнува обврските утврдени во членот 12 од овој Договор.

ВИША СИЛА

Член 21

Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

Член 22

Вршителот на услугата на кого му е доверено вршење на надзор над изградба на градбата, одговара и за недостатоците во извршените работи настанати по вина на Изведувачот ако можел да ги забележи со нормално и разумно надгледување на работите.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 23

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 24

Нарачувачот има право едностранo да го раскине договорот доколку Вршителот на услугата неосновано одбие да ги заврши договорените услуги, вклучувајќи го при тоа и изготвувањето на Извештајот за технички преглед на работите во кој се констатира дека изведените работи можат да се стават во употреба за предвидената намена.

Член 25

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да и остави дополнителен примерен рок од 3 работни дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска ни во дополнителниот рок од 3 работни дена, другата договорна страна, може да го раскине договорот, без отказен рок, при што има право на надомест на штета.

Член 26

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна дополнителен рок за исполнување, ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок, при што има право на надомест на штета.

Член 27

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обвската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата договорна страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

Член 28

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа без одлагање писмено да ја извести другата договорна страна со приложување на писмена изјава за раскин на договорот.

Договорот ќе се смета за раскинат по приемот на писменото известување од ставот 1 на овој член.

Член 29

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Договорот стапува во сила веднаш по неговото потпишување од страна на договорните страни.

Член 32

Договорот се склучува на определено време за период од 1(една) година од денот на склучувањето.

Договорот престанува да важи и пред времетраењето на истиот определено во став 1 на овој член доколку вкупната вредност на договорот утврдена во член 5 став 1 од овој Договорот е исцрпена пред истекот на времетраењето од став 1 на овој член.

Член 33

Сите евентуалн испорови кои би произлегле од овој Договор, ако и договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава стварно и надлежниот суд во Тетово.

Член 34

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2(два) за договорените страни.

НАРАЧАТЕЛ
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски

ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА
ТЕХНОИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ
Управител
Игор Крстев

Составен дел на овој Договор е:
а) Понудата на Носителот на набавката

9. Технички спецификации

РЕД.БР.	О П И С
1	**Услуги за надзор за изградба на објекти на градежни работи ниско градба на територија на Општина Јегуновце**

Друштво за градежништво и трговија
увоз-извоз ТЕХНОИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ
Бр. 19-02/2
19.02 2025 год.
Радовиш

Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на огласот Број на оглас: 00987/2025 за доделување договор за јавна набавка на **Услуги за надзор за изградба на објекти**,објавен од страна на општина Јегуновце со спроведување на поедноставена отворена постапка, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

1.1.Име на понудувачот: ____ **ТЕХНОИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ РАДОВИШ** ____
1.2. Контакт информации
- Адреса: _____ЃОРЧЕ ПЕТРОВ 2 РАДОВИШ____
- Телефон: ___075 357 753 _____
- Факс: __032 632 369 ___
- Е-пошта: **tehnoing2002@gmail.com** ____
- Лице за контакт: _____ **Игор Крстев - дги** _____

1.3. Одговорно лице: _____ **Игор Крстев - дги** _____
1.4. Даночен број: ___402 300 211 23 40_____
1.5. Матичен број:____ 569 477 9 _____

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

РЕД. БР.	**О П И С**	**Процент (%) договорната вредност без ДДВ**
1	**Услуги за надзор за изградба на објекти на градежни работи ниско градба на територија на Општина Јегуновце**	
	В К У П Н О	**0.60**
	ДДВ	**0.108**
	ВКУПНО СО ДДВ	**0.708**

Цената се покажува со проценти

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

III.1.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: ____0.60 %_____ (_____ НУЛА ЗАПИРКА ШЕЕСТ ПРОЦЕНТИ _____) проценти. Вкупниот износ на ДДВ изнесува ___0,108 %_____.

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
___РАДОВИШ 29 01 2025 _____

Одговорно лице*
__ИГОР КРСТЕВ____(потпис)

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Igor Krstev

Digitally signed by Igor Krstev
DN: cn=Igor Krstev gn=Igor c=MK o=TEHNOINZINERING ou=DOOEL
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2025-01-29 14:47+01:00

